






БИЛТЕН БР.3

# 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

07-14 јуни 2013







# МЛАДОСТА ПРЕД СУД

*Да! Пред судот на публиката (Насловот е позајмен од драмата на М.Широла своевремено често поставуван на македонските театарски сцени.)*

*Имено, факт е дека во последниве неколку сезони речиси сите театарски ансамбли во земјава ги отворија вратите за нови млади кадри кои даваат тон и печат на сé што во последно време се случува на нашите сцени. Ова е особено евидентно во некои театри, а како пример го наведуваме прилепскиот народен театар со претставите на Мартин Кочовски, Зоја Бузалковска, Нела Витошевиќ и Ива Милошевиќ. Всушност, станува збор за генерациска смена која го запликнува нашето гледалиште со свежина, иновации и со творци од кои допрва многу се очекува. Пред нив, се разбира, стои голема одговорност да ја зграпчат шансата што им е укажана и да го вивнат македонскиот театар до невидени височини. Како што се покажува, тие тоа го можат и го сакаат. Не смеат при тоа да губат од предвид дека пред вратите на театарските институции остануваат уште многумина нивни колеги кои допрва ја чекаат својата шанса. Театарскиот амбиент кај нас, освен тоа го карактеризира и плурализмот на школите од кои доаѓаат новите кадри, пред се актери, режисери, но и други профили на театарски творци. Рековме, младите се исправени пред судот на публиката, а таа безрезервно ги прифаќа и со симпатии ги прима нивните искрени заложби и постигнувања. Така, сликата е комплетирана. Но, на овој пат не треба да се заборави латинската сентенција ARS LONGA VITA BREVIS, а по нашки кажано, тие нови надежи не треба да изумат, да забораваат, па по укажаната, а пропуштена прилика да констатираат дека младоста пропаднала, "жал за младоста" (Митке од "Коштана") или како што сублимира Шопенхауер: "За трите највредни нешта во животот стануваме свесни откако ќе ги загубиме. Тоа се младоста, здравјето и слободата!"*

*Општествениот статус на драмските уметници е радикално променет во последниве години, но ништо не е дадено еднаш засекогаш. Андре Жид предупредува дека, парафразирано кажано, уметноста се раѓа и цвета во сиромаштија, а гние и пропаѓа во раскош и изобилство!*

*Оваа кратка ламентација за актуелните трендови во нашиот театар ќе ја завршиме со цитатот од "Маузер" на Хајнер Милер: "Тревата постојано мора да се коси за да остане зелена!"*

*На младите шансата им е дадена: сцената им е на дланка, публиката пред нив. И како што вели режисерот Љубиша Георгиевски: "За да блеснат на сцена (актерите), треба да "горат"!*

*Тогаш, за судот на публиката, воопшто не грижете се!*

## ЗА АКТЕРОТ, ПРОФЕСОРОТ . . .

# Монографија за Кирил Ристоски



Во рамките на МТФ "Војдан Чернодрински" беше промовирана монографијата за еден од најрелевантните актери во поновата македонска историја Кирил Ристоски, издание на МНТ- Скопје. Монографијата е испечатена со поддршка на Министерството за култура, Локалната самоуправа на Прилеп, Фестивалот и на ПИ "Витаминка".

Уметничкиот директор на Фестивалот Петар Темелковски рече дека ако беше Ристоски меѓу нас, ќе launch речеше "ништо не е прерано ако главните работи се завршат порано". Многу блиски бевме емоцинално и од повеќе аспекти, иако често не се гледавме. Со последната негова улога која ја гледав како селектор, тој го најави третото доба или есента на неговата кариера како што вели Маркес, своето повеќеслојно суштествување на сцената. Кире Ристоски, ако е тоа мала утеха, замина од земниот живот, од привремениот живот на врвот на своите можности како што тоа го прават врвните спортисти,,.




Според Дејан Лилиќ, директор на МНТ, Ристоски е еден најрелевантните актери во поновата историја на МНТ, еден од најистакнатите припадници на македонската средна генерација, онаа која на основоположинците на нашето актерство: Прличко, Џувалековски, Милчин, Бошкова.. "ги доближува" и ги ",спојува" со генерациите на Јолевски, Велинов, Петрушевска, Ристановски..

- Актерот Кирил Ристоски е еден од ретките македонски актери кој им бил рамноправен партнер на најдобрите актери од сите генерации. Само тој играл со сите нив, со сите нас,, Во својата 45 годишна кариера Ристоски бил член на само два актерски ансамбла: на прилепскиот, во кој започнал да игра како аматер и на ансамблот на МНТ, во кој поминал полни 11 години, од 1978 година до 1988, до своето заминување на ФДУ. На прилепската сцена одиграл 32 ролји, на МНТ 31.Останатите 20 "ги делел" меѓу сите други македонски театри - рече Лилиќ, при тоа подарувајќи ги првите три примероци од монографијата на уметничкиот



директор на Фестивалот Петар Темелковски, на градоначалникот Марјан Ристески и на ПИ,,Витаминка,,.

Уредник на книгата е д-р Јелена Лужина, која во монографијата потенцира дека Ристоски одиграл вкупно 83 театарски, 26 филмски и телевизиски ролји, снимил повеќе од 200 радио драми, одработил поетски и други настапи, секогаш беспрекорен во интерпретацијата и некомпормисен во однос на работата, заштo бил добитник на бројни награди.

Лужина ќе запише дека сите го паметиме како еден од најскромните и најпитомите луѓе што сме имале среќа да го запознаеме.

- Зад таа негова едноставност и кроткост-прилично нетипична за актерската професија, по дефиниција екстравертна и барем малкуцка колерична.. некако природно, незабележително, речиси,,сама од себе,, трпеливо се создаваше една грамадна кариера, импресивна во секој поглед. Кога тргнавме да ја работиме монографијата решивме да биде мала, таква каква што сакаше Кире. Им благодарам на сите што се собраа околу книгата. Добра, позитивна енергија се собра околу овој проект. Сите се откажавме од било што, сакавме да биде најубава на свет. Фала ти Кире! - рече д-р Јелена Лужина.

За монографијата зборуваше и д-р Ана Стојаноска.

- Монографијата е создадена по совремниот терк на подготовка на книги. Уникатна, направена со максимална поддршка на сите учесници, посебно од уредникот д-р Лужина. Монографија што одговара за личноста, за големиот актер Кирил Ристоски... 16 автори, лични и професионално поврзани со него, и тој самиот автор на два текста се наоѓаат на над 300 страници, со стотина фотографии, кои ја прават потполната слика за огромниот пријател на македонскиот театар Кирил Ристоски. Впечатливо е решението да стави два негови текста, во кои се уверуваме за неговата посветеност и професионалност во работата. Застапени се текстови од театролози, филмолози, актери, секој пишувајќи од аспект како го познава. Сите текстови содржат мало интимно катче - рече д-р Ана Стојаноска.



Авторот на графичкиот дизајн Горјан Данев, рече дека направиле дело што е прекрасно, што го отсликува Ристоски.

- Успеавме издавачки да објавиме книга со висок стандард - посочи Данев.

Лазар Секулоски, декан на ФДУ на сопругата Ружа Ристоска и дари пригоден подарок.

# ЅВЕЗДА ЗА ВЕЛИКАНОТ . . .






На "Патеката на славните" пред ЦК "Марко Цепенков" општината отскри плоча со неговото име.

За градоначалникот Марјан Ристески имаме два големи момента за паметење.

- Ја промовиравме монографија за Ристоски, еден од големите актери во македонскиот театар и ја поставивме новата ѕвезда повртена на Ристоски. Прилеп и Македонија загубија голем актер, но неговите дела ќе останат вечни - рече Ристески.

Сопругата Ружа им се заблагодари на градот и на градоначалникот што секогаш имале разбирање за неговото дело, и додека бил прв човек на МТФ и додека играше на сцените.

Од општината со најава дека ќе продолжат да оддаваат почит и на други истакнати личности кои дале многу за Прилеп.

- Во иднина и натаму ќе носиме одлуки на "Патеката на славните" да бидат овековечени имињата на личностите кои дале многу за градот. На Патеката има место за сите кои дале голем придонес - рече Никола Димески, претседател на советот.





# ПРОМОЦИИ...




Промоција на книгата **"Мите - сцена, живот"** од авторот Борче Грозданов

**"Мите, сцена живот"** од авторот Борче Грозданов е интересен животопис кој говори за неговиот татко, актерот Мите Грозданов, кој остави неизбришлива трага во македонското глумиште.

Писателот Братислав Димитров посочи дека се работи за интересна монографија.

- Во принцип не сакам монографии, затоа што сметам дека е тешко еден бурен човечки живот да се затвори во две корици. Многу е интересно дека во книгата е присутна една љубов и смирен драматуршки однос кон темата без да се изгуби објективноста. Грозданов направил книга за исклучителна личност приватно и професионално, бидејќи Мите му е татко - рече Димитров.

Заблагодарувајќи се на довербата да биде од другата страна, авторот Борче Грозданов, рече дека Мите сите ги поздравува и дека му е мило што успеал да го различи приватното од професионалното.

- Мило ми е што една животна историја ја претворив во историја- додаде Грозданов.

Извадоци од книгата читаше актерт Игор Трпче.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Промовирана книгата **"Тетарот во Македонија"** од Ристо Стефановски

**"Театарот во Македонија"** е 12 книга од серијата реализирани и проектирани значајни томови, преку кои авторот Ристо Стефановски системски ги реди сведоштвата, податоците, фактите, оцените, соопштенијата, документите, коментарите, валоризацијата на театарското дело, осврти на значајни театарски дејци, поклоници на театарската уметност, истакнати личности од Македонија.

Според театарскиот критичар Тодор Кузманов, во ова дело е третирана нашата театарска историја.

- Последната книга од серијалот "Театарот во Македонија" е за периодот од 1988 до 1991 година. Во себе има нешто тестаментално, нешто емоционално што се вградува во пантеонот на македонскиот театар. И во оваа книга тој го

# ПРОМОЦИИ...

нотира, документира развојот на нашите поединечни театри и ансамблите на Операта и Балетот, но и гостувањата на театрите во странство - рече Кузманов.

Според Иван Ивановски, Стефановски и во овој труд понудил голем спектар на теми и проблеми.

- Навлегол во срцевината на најголемиот број театарски збиднувања. Во ова книга, како И во претходните примарно место има тековната продукција на постојните професионални и аматерски драмски сцени. .. Инаку за мошне значен квалитет на книгата ги семтам еден вид мини портретите на починатите видни театарски творци од најразличен профил кај нас, а во нешто помал број и во странство, кои во претходните книги не останаа незабележани, но во едно строго лапидарен начин - посочи



Ивановски.

Заблагодарувајќи се, авторот Стефановски рече дека ова е крај на едицијата, дека е ред да ја остави работата на помладите.

- Она за што сега се подготвувам е еден друг голем зафат. Имам намера да го средам огромниот материјал од моите работни дневници, кои ги водам повеќе од 50 години. Ако даде Господ здравје и живот, тоа ќе биде моето театарско резиме, мојата ,,пресметка со нив,, моето креативно и уметничко "вјерују" мојата лична "исповед"- рече Стефановски.

---

Промоција на книгата **" Меѓу минатото и сегашноста"** од Иван Ивановски

**"Меѓу минатото и сегашноста"** од театрологот Иван Ивановски е книга огледи и есеи на театарски теми поделена во два дела. Во првиот, тој пишува за гостувања, за актери, за пантомимата, за македонската народна поезија на сцена, додека во вториот се осврнува на режисерските кругови.

- Книгата од Иван Ивановски е сеопфатен труд, во кој се содржани есеи за значајни теми и појави во македонскиот театар. Во вториот дел посебно импонира освртот на режисерски имиња од светски маштап, при што авторот Ивановски манифестира длабока информираност и енциклопедиска ерудиција - вели театарскиот критичар Тодор Кузманов.

# ГЛЕДАВМЕ . . .




НУ - Тетовски театар - Тетово
**"ГНИДА"** од Иво Брешан
режија: Сулејман Рушити
играат: Музафер Етеми, Наиме Ази, Зарије Јонуши, Арѓент Хасани, Линда Шабани, Бурхан Амити, Аида Елези, Петрит Неизири, Хасим Мемиши, Елмир Сејфулаи, Сами Мустафа, Берат Салиу, Блерим Исмани, Ермал Чанга.

# ПРЕТСТАВАТА . . .

"Гнида" е претстава пародија на сé она што ни се случува во секојдневието, сé она што ни се случува на поранешните балкански простори. Говори за тоа како политичките партии си "играат" со народот, како поединци во одредени пригоди се едно, а во други се друго, дека на преден план им е само интересот.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Зарије Јонуши,** актерка (гостинка од Албанскиот театар)

Многу сме задоволни што учествуваме на Фестивалот, кој  секоја година е подобар. Искрено очекувавме повеќе публика, ама ние требаше да се погрижиме за превод. Се надеваме идната година ќе обезбедиме.

**Бурхан Амити,** актер

Ја играв улогата на стоматолог, претседател на селска партија. Дадов сé од себе да ја одиграм како што треба. Со оглед дека такви карактери има многу во деншницата, не беше тешко. Претставата нѝ лежеше како што сакавме, како што испланира режисерот, имаше ритам. Задоволство ни беше да се претставиме пред прилепската публика и на фестивалот.

**Линда Шабани,** актерка

Првпат учествувам на фестивалот. Задоволни сме од организацијата, од публиката која беше присутна и која, иако и беше пречка незнаењето на јазикот, одлично реагираше. Се гледаше дека е театарска публика. Мислам дека треба повеќе да се дружиме на фестивалот, да разменуваме искуства.

# ГЛЕДАВМЕ . . .

НУЦК "Антон Панов" Народен театар - Струмица
**"НЕ ЧУКАЈ БЛИСКУ ДО СРЦЕТО"** од Митко Бојаџиски
режија: Синиша Евтимов
играат: Ванчо Мелев, Оливера Аризанова, Јулија Милкова, Стојан Велков - Трн



# ПРЕТСТАВАТА . . .

Домашниот драмски текст на Митко Бојаџиски кој се определува за едноставна тема, поточно блисикоста до секого бидејќи е извадена од секојдневниот живот, се одлична театролошка предлошка за градење на претставата во која актерите влегуваат спонтано. Двете генерации, од една страна младите, од друга - возрасните, ја пренесуваат пораката дека вистинската љубов знае и да простува и ја одржува позитивната мисла. Преку енергичната игра на акетрите видливо се наѕираат сите елементи на театарското дејство, кое публиката го прима со невидена леснотија. Едночасовната претстава постојано измамува соодветна реакција на гледачите.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Ванчо Мелев,** актер

Ако љубовта е верна и искрена, може секогаш да победи. Според реакцијата на публиката, мислам дека успеавме на некој начин да и се оддолжиме на оваа прекрасна публика, која со години ја чувствуваме како наша, да не речам "струмичка" публика. Секогашнастојуваме да се покажеме во најдобро светло.

**Стојан Велков - Трн,** актер

При креирањето на ликот, во договорот со режисерот, пробувавме неколку варијанти. Односно како да биде облечен Тоше, како да се однесува, и што да зборува. И за тој надворешен изглед мислам дека ја избравме најдобрата варијанта. Така Тоше во претставата брзо зборува, се приспособува камелеонски на дадаената ситуација затоа што тој карактер е таков. Тој кај секоја фамилија различно се претставува.

**Јулија Милкова,** актер

Можеби возрасната сличност со ликот на ќерката Ана ми помогна во креацијата на улогата да влезам спонтано, ненасилено. Покрај тоа, заслуга има и добрата екипа бидејќи јас сум најмлада во екипата. Сé течеше многу убаво. Соработката со режисерот беше извонредна, опуштена и затоа мислам дека многу лесно ја играме претставата. Инаку, прв пат доаѓам со театар на МТФ, претходно сум доаѓала како студент и сум гледала претстави. Но, да се учествува е навистина задоволство.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Совршено добра претстава. Нé изнасмеа.
- Водовме секојдневни ситуации кои може да се случат во секое семејство. Имаше комични елементи. Беше добра.
- Постоеше заинтересираност кај публиката. Актерите беа мошне активни. Мене лично ми се допадна.



# ГЛЕДАВМЕ . . .

НУЦК "Ацо Шопов" - Театар Штип
**"Парови "** од Миро Гавран
режија: Љупчо Ѓорѓиевски
играа: Валентина Ѓоргиевска, Милорад Ангелов, Пеце Ристевски, Миле Вратеовски, Виктор Арев, Ангелка Нашкова, Марија Минчева и Елена Шорова.

# ПРЕТСТАВАТА . . .

Забавната сценска интерпретација на текстот на хрватскиот автор Миро Гавран игран во триесетина држави, ја анимира фестивалската публика. Современата приказна во шест дела ја испреплете уметнички штипската актерска екипа во атрактивно комично изведена прекрасна целина, која предизвика ново театарско доживување. Дејството, сместено во хрватската современост, препозна јунаци од различни генерации, соочени со секојдневните животни и емотивни искушенија, едновремено, пронаоѓајки ја публиката во некој од ликовите. Режисерот создал слатка, лесна претстава за минување на пријатни мигови во театарот, а допадливата игра на актерите предизвика аплаузи.

Според режисерот Љупчо Ѓорѓиевски претствата изгледа како ТВ-серија во живо, набиена со реклами.

**Марија Минчева,** актер

Успеавме да го задржиме вниманието на публиката. Предизвикавме љубопитство и аплаузи од атрактивните дијалози. Се чувствува дека вкусот за квалитетен театар е поизострен меѓу фестивалската публика во Прилеп. За тоа сведочат одличните реакции на вистинските места во претставата. Едуцирана е публиката. Овде има умешност да се откријат поквалитетни претстави и да се одговори позитивно или пака публиката се однесува индолентно, здодевно. Мислам дека публиката ја погодивме во душата и им разбудивме ведрина и возбуда со нашиот театараски чин.

**Милорад Ангелов,** актер

Како секоја година минуваме пријатни фестивалски мигови во Прилеп, наградени од публиката. Овојпат претставата имаше енергија. Имавме комуникација со публиката. Секоја чест за прилепската публика која е способна да најде и ситни парчиња на квалитетна игра. Оваа класика е интересна, забавна, правена за секојдневно поставување на репертоарот. Нема претстави за фестивал и други, туку има одговорен и професионален пристап кон секоја претстава.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Пријатни повеќе од час и половина во забавна атмосфера на претставата, Актерите не внесоа во "филм" на секојдневието. Се откривавме низ дел од карактерите на личностите, си најдувавме сопствени мани низ улогите и си наоѓавме добри страни на нашите особености и натури. Уживав во "голтањето" на дијалозите.

# ГЛЕДАВМЕ . . .

МНТ- Скопје
**"Изгубени Германци"** од Дејан Дуковски
режија:Слободан Унковски
играат: Камка Тоциновски, Јордан Симонов, Јовица Михајловски, Тони Михајловски, Никола Ристановски, Ѕвездана Ангеловска, Оливер Митковски, Емил Рубен, Сања Арсовска



# ПРЕТСТАВАТА . . .

"Изгубени Германци" работена по текст на Дејан Дуковски, е евидентно возбудлива претстава која ја освои публиката во преполната сала. Приказната за настани што се случуваат во Втората светска војна, која се врти околу шестмина протагонисти, кои се ставени во бизарни околоности, одлично прифатена, бидејќи сепак низ неа провејуваат случки поврзани со минатото. Но, сепак кога добро се погледнува, на површина излегува актуелниот општествен миг, кој е универзален, а не само македонски. Дуковски, а и режисерот Унковски, одлично ги вклопуваат прашањата за нестабилниот иднетитет, за алчноста, за стереотипното размислување, за сексуалноста, нетрпеливоста, фрустрациите и стравот. Актерската екипа одлично функционира како едно.

**Слободан Унковски,** режисер

Многу комплициран текст, но фаќа тајни текови на денешното живеење. Тоа ме возбуди да го поставам на сцената. Ако не го играме домашниот текст нема да имаме ни домашна драма. Одлична екипа, која многу добро ги пренесе темите што се допираат. Дадовме интересно нешто во што секој гледач најде точки кои може да ги гледа. Многу ми е мило што претставата беше тука, што ја виде публиката, која е доволно култивирана и има свое мислење. Ми се допадна како ја гледаше претставата и како не поздрави.

**Никола Ристаноски,** актер

Многу години давам после претстави изјави и секогаш велам дека одлично се чувствувам. Да не бидам погрешно протолкуван, ама се чувствував градски во смисла на атмосфера, разбирање, на она што се случуваше во публиката. Без публиката оваа работа е бесмислена. Одлично се разбравме со прилепската публика.

**Јовица Михајловски,** актер

Одигравме добро, имавме добар прием. Прилепската публика знае да го препознае квалитетот на претставата. Иако текстот е доста комплициран, одлично беше прифатен. Долгогодишната традиција веќе е квалитет. Предизвик беше да се игра, оти јазикот на Дејан Дуковски е сложен, во неговите зборови има скриено значење. Предизвик е да се дешифрираат зборовите и да се пренесат на публиката. Тие негови зборови имаат универзални вредности кои ги препознава публиката.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Добра претстава, одличен текст, со многу добра игра на актерите.
- Многу ми се допадна претставата. Тандемот Дуковски - Унковски повторно ни подготвиле претстава со уметничка естетика.
- МНТ се враќа на старата добра патека. Иако два и половина часа траеше претставата, не бевме уморни, оти видовме многу добра претстава.

# ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА . . .



На сцената на Народниот театар "Војдан Чернодрински", ЕСРА од Скопје ја изведе претставата "Сцени од Шекспир". Таа е испитна претстава на студентите по актерска игра од IV година во класата на доц. м-р Роберт Вељановски. Вистинско доживување за "полноќната публика".

**НЕВЕСТИ, СВАДБИ, ЖЕНИДБИ...**

Во амбиентална атмосфера во црквата "Св.Никола" во Варош, културниот центар "Скрб и утеха - Тиха" ја изведе претставата "Посланија" во режија на Тихомир Стојановски. Публиката имаше ретка можност да ужива и во вокалните изведби на групата "Молебствие".

**Сценско читање**



По повеќегодишен договор, конечно на МТФ "Војдан Черндорински" се реализира првото сценско читање на драмски текст. Маја Стевановиќ, професор на ФДУ на катедрата по драматургија рече дека читањето е убав начин новите драмски автори да се приближат до младите актери.

- Ова е одличен начин за стимулирање на македонската драматургија - потенцираше Стевановиќ.

Експлицитно текстот "Се враќате или заминувате" од Бранко Костески, студент на трета година на ФДУ, го пренесоа пред присутните дел од актерите на Театарот "Војдан Чернодрински".

Митко Бојаџиски, драмски автор

# САКАМ ПУБЛИКАТА ДА ГО ДОБИЕ ТОА ШТО ГО ОЧЕКУВА



Митко Бојаџиски дебитира на на театарската сцена, оттука и на Фестивалот како драмски автор. Струмичкиот театар ја изведе претставата **"Не чукај блиску до срцето"** според неговиот "првенец".

**Какво е чувството кога твоето прво дело заживеа на сцената?**

- Имајќи предвид дека драмското дело, на крајот на краиштата, треба да заврши на сцена, само по себе претставува задоволство. Од друга страна, претставува поттик и инјекција за понатамошна работа.

**Многу поетичн наслов!**

- Насловот не кажува некоја суштина од текстот. Се работи за песна која ја кажува еден од ликовите. Песната носи хумор во себе. Имам пишувано поезија и блиска ми е таа тематика, па уфрлив и поезија.

**Дали тоа значи дека поетичноста ќесе провлекува и во твоите други дела?**

- Секако дека ќе носат таква нитка, но вклопена во сценски израз.

**А какво беше чувството да се гледа делото пред фестивалската публика?**

- Атмосферата е различна. Различно реагираа овде актерите. Претставата се игра по шести пат. Овој пат, на Фестивалот, беше поинаку. Двојно повеќе публика, поинаков амбиент. И забележав дека прилепската публика го познава театарот. Видов како критички гледа, како го следи дејството. Не можеш да продадеш нешто, тоа да се провлече пред публиката. Ми се допадна.

**Дали следиш нечиј пример од домашната и светска драматургија?**

- Долго сум посветен на драмското пишување. Не може да речам дека следам нечија патека. Знам што ме интересира, а тоа се: хуморот на сцена, можните реакции на публиката. Не сакам публиката да си замине од претстава и да мисли дека залудно го поминала времето. Сакам да го добие тоа што го очекува. Тука не зборуваме само за комерцијални работи, туку за уметност која ќе ја освои публиката.

**Тешко ли е драмскиот автор да се "пробие" на сцената?**

- Да, ми беше потешко. Но се изборив за себе. Две години беше одобруван текстот Министерството за култура за да се постави на сцена. Требаше два пати да биде одобрен за еднашда се најде на сцената.

**Што е следно?**

- Пишувам и доста сум навлезен во една тема. Ќе ми треба време. Перфекционист сум. Темата е многу поразлична. Нема да зборувам засега за тоа.

**Има ли инспирација?**

- Како не. Сегашното живеење нуди многу инспирација.

# АТМОСФЕРА...



**НЕВЕСТИ, СВАДБИ, ЖЕНИДБИ...**

Многу невести, свадби, женидби виде театарската публика на годинешното издание на МТФ. На самиот старт тука беше "Змејовата невеста" во режија на Нела Витошевиќ на театарот "Војдан Чернодрински". Гледачите станаа и сватови истата вечер на "Малограѓанска свадба" во режија на Дејан Пројковски при настапот на Театарот од Охрид. Дури добија и "тескере" за на свадба. Следеше " Женидба" во режија Дејан Пројковски и Театар комедија.

Дека животот е театар и некогаш улогите ни се повторуваат во приватниот живот, доказ е и младата актерка Јулија Милкова од народниот тетар при НУЦК "Антон Панов" од Струмица која играше во претставата "Не чукај блиску до срцето". Не само што играше лик кој ќе се мачи, таа и навистина пред некој ден застанала на "лудиот камен". За разлика на втората мажачка на Ана, актерката Јулија се мажи по прв пат. Избраникот на нејзиното срце е Ненад Витанов. Нека и е честит бракот исполнет со многу љубов и разбирање. Таа е "тазе" вработена како актер во НУЦК "Антон Панов" - Струмица.



Малата Константина во "разговор" со уметничкиот директор на Фестивалот Петар Темелковски. Многу и се допадна "Пипи долгиот чорап" па "побара" да разговара со одговорниот на Фестивалот. Темелковски и објасни дека со задоволство ја донесол "Пипи...". Константина по се изгледа е задоволна од објаснувањето.



Уметничкиот директор Петар Темелковски во прегратка со колешката Билјана Беличанец. Таа пак, иако сега е и политичарка (градо-началничка) го уверува Темелковски дека и останува верна на своката прва љубов - актерството.

# ЌЕ ГЛЕДАМЕ . . .

Среда 12 јуни

19.30ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"
**"Шекспир во приказни"** според Вилијам Шекспир
режија: Кренаре Невзати - Кери
НУ Турски театар - Скопје
(официјална програма)

22.00ч. - Сцена Народен театар - Битола
**"Травничка хроника"** од Иво Андриќ
режија: Бранко Брезовец
НУ Народен театар - Битола
(официјална програма)

22.00ч. - Театар "Војдан Чернодрински"
**"Падот на Масада"** од Венко Андоновски
режија: Димче Николовски
Субпродукција: Тихомир Спировски

Четврток 13 јуни

11.00ч. - Фоаје НУЦК "Марко Цепенков"
СЦЕНСКО ЧИТАЊЕ
**„ГИГАНТЕА И КОМПИРОТ„**
Испитен текст за трета година студенти на ФДУ во класата на Мила Јовановиќ
читаат актерите на Театарот "Војдан Черндорински"

**"АНГЕЛ"**
Испитен текст од Катерина Китоска, трета година студент по драматургија на ФДУ во класата на вонреден професор Маја Стевановиќ.

12.00ч. - Сцена 105 НУЦК "Марко Цепенков"
Промоција на театарска литература

19.30ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"
**"Прст"** од Дорунтина Баша
режија: Агон Мифтари
НУ Албански театар - Скопје
(официјална програма)

22.00ч. - Театар "Војдан Чернодрински"
**"Нозете во бел сатен"** од Братислав Димитров
режија: Ненад Витанов
НУЦК "Ј. Х. К. Џинот" - Театар Велес
(официјална програма)

24.00ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"
**"Делириум за двајца"** од Ежен Јонеско
Дипломска претстава на студентите по актерска игра во класата на проф. Дејан Пројковски и дем. Андреј Цветановски
ЕСРА - Скопје

Петок 14 јуни

12.00ч. - Сцена 105 НУЦК "Марко Цепенков"
**Прес конференција**
Соопштување на одлуката на оценувачката комисија

20.00ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"

СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

**"Ах, љубов моја . . . - турска приказна"**
режија: Коле Ангеловски
НУ Театар Комедија - Скопје

## 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**Покровители:**
Министерство за култура на Република Македонија
Собрание на Општина Прилеп

**Собрание на МТФ:**
Валмир Азири - Тетовски театар - Тетово
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Јелена Жугиќ - Театар "Комедија" - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Зоран Љутков - Драмски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Маја Мицевска - ФДУ - Скопје
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Горан Стојановски - Театар Охрид
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Јордан Витанов - член
Атила Клинче - член
Валентин Светозарев - член
Тони Чатлески - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Јани Бојаџи
Мустафа Јашар
Васе Манчев

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 48. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска, Сашо Тренкоски, "Фан" продукција.

Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk